| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Градот и градинката празнуваат |
| **Содржина на денот** | Скопје мојот роден град |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | -Разговор на тема зошто не е безбедно за нашето здравје да ги споделуваме играчките со кои играме. |
| **Активности** | -За оваа активност потребно е да користите лични фотографии од Вашите прошетки со детето во нашиот град Скопје. Додека ги разгледувате фотографиите разговарајте со детето и поттикнете го да пропознае и да каже на кое место е фотографирано. Разговарајте кое му е најомиленото место за игра во градот. Потоа раскажете му на децтето едно Ваше доживување кога сте биле мали, местата во градот Скопје кои најчесто сте ги посетувале со родителите и сте си играле со Вашите другари. И секако користете фотографии од Вашето детство. Доживувањата кои ќе ги споделите со Вашето дето за Вашето детство поврзани со градот Скопје се непроценливи за Вашите деца. Уживајте со нив и направете заеднички албум- споменар од Вашето и нивно детство и зачувајте ги спомените од Ваштето растење во нашиот град Скопје. |